ОСНОВЕН СУД ВИНИЦА
http://www.osvinica.mk/

Ознака на списот: ПРК-С-152/2009
Евиденција: 11.01.2012
Предевиденција:

# ДОСТАВНИЦА

за лично доставување

| Примач: Цане Јанчов, с. Јакимово, Виница | Име на актот што се доставува:<br>Пресуда од 30.07.2010<br>Број на прилозите: 1 (вкупно 3 страни) |
| --- | --- |

Потврдувм дека горе назначениот акт го примив на ден (со букви):
________________________________________________________ .

________________________________ (Потпис на примачот)

____Јулија Андонова, с.р.____ (Потпис на доставувчот)

Оставено во судски преградок - **огласна табла** на ден: **11.01.2012.**

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Основниот суд во Виница, како првостепен прекршочен суд, преку судијата Љубчо Прокопенко, со записничар Јагода Стојкова , постапувајќи по барањето за поведување прекршочна постапка поднесено од Полициска станица - Кочани, бр. 31.14.1-361, од 18.2.2009 година, против обвинетиот Цане Јанчов од с. Јакимово, за сторен прекршок од чл. 234 ст. 1 од ЗБСП, а казнив според ст. 6 од истиот член, во отсуство на обвинетиот и претставник на подносителот на барањето, на ден 30.07.2010 ја донесе следната:

**П Р Е С У Д А**

**ОБВИНЕТИОТ**: Цане Јанчов од с. Јакимово, роден на 16.09.1987 год. во Кочани, а живее во с. Јакимово, до сега не казнуван, против истиот не се води постапка за друг прекршок, Македонец, Државјанин на РМ, со ЕМБГ 1609987493001.

**ВИНОВЕН Е,**
**ЗАТОА ШТО**

На ден 16.015.2009 год. во 23,45 часот при извршената контрола од страна на ПО за БПС - Виница е констатирано дека на локалниот пат Виница - с. Јакимово, кај ЈЗУ Здравствен дом - Виница, го управувал ПМВ, „Застава 750" со регистарски ознаки ШТ 046 - КБ, сопственост на Слободан Гаврилов, под дејство на алкохол, односо со присуство на алкохол во организмот од 1,74 промили.

Со опишаното дејствие обвинетиот сторил прекршок од чл. 234 ст. 1 од ЗБСП, а казнив според ст. 6 од истиот член, поради што, врз основа на чл. 2,13,14,18,25, 109,117,118 и 121 од законот за прекршоците и чл. 32 и39 од КЗ, му се изрекува

**ГЛОБА**

Во износ од 400 евра во денарска противредност од 24.600 ден. сметано по 61,50 ден. за 1-едно евро според средниот курс на НБ на РМ.

Обвинетиот е должен да ја плати глобата во рок од 15 дена, сметано од денот на правосилноста на пресудата, на сметка број 100000000063095, уплатна сметка 840-112-06852, приходна шифра 724153, програма 00, Народна банка на РМ.

Во колку не ја плати глобата во утврдениот рок ќе се спроведе присилно извршување за наплата на истата, согласно со одредбите од Законот за извршување.

Покрај глобата на обвинетиот му се изрекува и прекршочна санкција, **Забрана за управуање моторно возило од Б категорија во траење од 3-три месеци,** која ќе му се впише во возачката дозвола во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата, а ќе започне да тече со денот на запишувањето.

Се задолжува обвинетиот во истиот рок кога и паричната казна, да плати трошоци во постапката во паушален износ од 1.000 ден. на Буџет на РМ, Народна банка на РМ сметка 100000000630-95, уплатна сметка 840112-06137, приходна шифра 724132 програма 12, во спротивно истите присилно ќе бидат наплатени.

О б р а з л о ж е н и е

Полициска станица - Виница поднесе барање бр. 31.14.1-361, од 18.2.2009 година, против обвинетиот Цане Јанчов од с. Јакимово, за сторен прекршок од чл. 234 ст. 1 од ЗБСП, а казнив според ст. 6 од истиот член.

Во сообразност со чл. 114 ст. 1 и 2 од ЗП, претресот е одржан во отсуство на пртставник на подносителот на барањето и обвинеетот за кои има доказ дека се урредно поканети, бидејки судијата утврди дека нивното присуство не е неопходно за правилно утврдување на фактичката состојба.

Имено, почнувајки од 16.3. 2009 год. до донесувањето на пресудата се закажувани вкупно 8-осум претреси, меѓутоа поканите на обвинетиот не му се врачени, односно истите се вратени со констатација на судскиот доставувач дека тој перманентно престојува во странство, што значи дека е неодстапен. Тргнувајки од овој факт, а и од фактот дека при извршената контрола обвинетиот ги потпишал и примил записникот за испитување на алкохолисаност кај возач со апарат „Дрегер", платниот налов и потврдата за привремено одземање на возачката дозвола, со што практично го признал сторениот прекршок, судот заклучи дека неговото присуство не е неопходно заради правилно и целеосно утврдување на фактичката состојба и дека неговата одговорност може да се утврди врз основа на овие писмени докази кои се доставени кон барањето за поведување прекршочна постапка.

Од изведдените докази, а особено од записникот за извршено испитување алкохолисаност кај возач со апарат „Дрегер" платниот налог бр. 217568 од 16.01.2009 год., потврдата за привремено одземање возачка дозвола и записникот за сторен сообраќаен прекршок, кои обвинетиот ги потпишал и примил, судот со сигурност утврди дека тој го сторил прекршокот шото му се става на товар, поради што во сообразност со чл. 234 ст. 6 од ЗБСП му е изречена глобата и прекршочната санкција наведени во изреката од оваа пресуда.

Судот не беше во можност да цени одредени олеснувачки околности на страната на обвинетиот, бидејки такви не му се предочени и не му се познати.

Имајќи го во предвид изнесеното одлучено е како во изреката на пресудата.

Одлуката за трошоците е донесена во сообразност со чл.122 ст.1 т.6 и 123 ст. 1 од ЗП.

Основен суд Виница,
ÏÐÊ - Ñ-152/09 îä 30.07.2010 ãîä.

Записничар, Судија,
Јагода Стојкова Љубчо Прокопенко

ПОУКА: Против оваа пресуда е дозволена жалба во рок од 8 дена по приемот, преку овој суд до Апелационен суд Штип.